ДОМ НА КУЛТУРАТА
„ИЛИНДЕН"
бр. 01-04/1
03.01.2026 год.
ДЕМИР - ХИСАР

ДОМ НА КУЛТУРА „ИЛИНДЕН"
ДЕМИР ХИСАР

# ПЛАН
# ЗА РАБОТА НА
# ДОМ НА КУЛТУРАТА
# "ИЛИНДЕН"
# ДЕМИР ХИСАР
# ЗА 2026 ГОДИНА

# I. ВОВЕД

Општинската установа Дом на култура “Илинден” од Демир Хисар се дефинира како установа која се грижи за програмско и функционално поттикнување и развој на културата во Општина Демир Хисар согласно законот. Институцијата организира културни настани за презентација и промоција на највисоките вредности на македонското културно и уметничко наследство и творештво преку кои се стреми за подобрување на културните перформанси и збогатување на културните содржини на општината.

Домот на културата е формиран на 27.02.1960 година. Зградата на Домот на културата е градена со средства од граѓаните на општината и е свечено предадена во употреба на 02.09.1987 година. Во рамките на Домот на културата работи народната библиотека “Петре М. Андреевски”. Домот располага со корисна површина од околу 1200 m2 во која има: концертна сала од 325 седишта, професионална сцена, фоаје, машки и женски гардероби и останати помошни простории кои се користат по разни основи во текот на работењето.

Институцијата е формирана за постојано подигање на културното ниво на населението во општината како и за зачувувањето на старите, а исто така и создавање на нови вредности и истите ги афирмира и презентира пред населението без разлика дали се работи за групи или поединци.

Поаѓајќи од својата функција утврдена со Закон и Статут во рамките на својата основна дејност ОУ Дом на културата “Илинден” Демир Хисар ги врши следните дејности: Музичка дејност, Библиотечна дејност, Сценско уметничка дејност, Киноприкажувачка дејност и Литературно – издавачка дејност.

Овај План за работа на Домот на културата “Илинден” Демир Хисар за 2026 година е дизајниран да опфати поголема група на љубители на различните културни стилови и генерации. Планот за работа инкорпорира голем број на разновидни културни настани и активности: театарски преставни, ликовни и други типови на изложби, музички концерти, литературни манифестации, кино проекции, стенд-ап комедии, мултимедијални

манифестации и др. Покрај вработените во институцијата за реализација на активностите, проектите и настаните ќе бидат ангажирани и надворешни соработници со што ќе се добие на квалитет во реализација на истите.

Реализацијата на културните настани кои се дел од планот за работа значително ќе го подигнат нивото на културниот живот, а воедно и ќе придонесат за збогатување на туристичката понуда на општината.

Планирањето и реализацијата на активностите ќе се врши во соработка со Локалната самоуправа и Министерството за култура и туризам на Р.С. Македонија.

Исто така превидени се и низа на проекти за санација, унапредување и осовременување на самиот објект на Домот на културата, кои ќе допринесат за непречено реализирање на сите активности предвидени во планот за работа.

**Цел**

Реализацијата на Планот за работа за 2026 година ќе биде насочена кон постојано подигање на културните вредности и збогатување на културниот живот во општината, социјализација на населението, пред се на младите, децентрализација на културата на локално ниво и слично.

# II. ПЛАН ЗА РАБОТА ПО ДЕЈНОСТИ

## А) Музичка дејност

### *1. Фолклор*

Во рамките на Домот на културата “Илинден” 33 години успешно функционира КУД “Илинден” Демир Хисар кој како од своето формирање, така и во наредниот период ќе го задржи континуитетот на својата работа, презентирајќи го изворниот фолклор и ќе земе учество на повеќе манифестации во земјата и странство. За успешноста на КУД “Илинден” говорат многубројните награди и признанија на домашен и меѓународен план, а со тоа се потврдуваат и трајните вредности на македонскиот фолклор. КУД “Илинден” Демир Хисар брои околу 150 членови распоредени во шест групи и има сопствен оркестар.

Според Планот за работа КУД “Илинден” Демир Хисар во 2026 година:

- Ќе одржи голем годишен концерт на кој ќе настапат шесте возрасни групи и оркестарот и пред локалната публика ќе го презентира сето она што се работело во текот на годината;
- Ќе настапи на настани и манифестации кои се традиционални во Општина Демир Хисар (Велигденски фолклорни средби, Илинден во Смилево, Демирхисарско културно лето и други);
- Ќе настапи на фестивали и манифестации во другите градови во државата (Интернационален фолклорен фестивал “Илинденски денови” во Битола, Балкански фолклорен фестивал во Охрид, Регионални фолклорни средби на СОФАМ, Регионални детски фолклорни средби на СОФАМ, Етно камп “Ѓердан од бисери” во Охрид, Детски фолклорен фестивал “Весел петок” во Битола, Национален фестивал на народни инструменти и песни “Пеце Атанасовски” во Долнени, Фестивал “Велигденски кули” во Македонски брод и други);

- Ќе настапи на фестивали и манифестации надвор од државата (Летната турнеја на КУД “Илинден” надвор од границите на нашата држава);
- Ќе настапи на една од телевизиските емисии во кои се промовира македонскиот фолклор “Везилка” на ТВ Алфа или “Качамак” на ТВ Сител;
- Ќе земе учество на позначајните семинари и обуки од областа на фолклорот: Семинарот за традиционална музика, песни и ора во рамки на фестивалот “Илинденски денови” во Битола, Семинарот за традиционална и изворна музика, песни и ора на Сојузот на фолклорни ансамбли на Македонија и др.

Според Планот за работа на Домот на културата за 2026 година предвидени се и настапи на други културно уметнички друштва во Демир Хисар:

- На манифестацијата “Велигденски фолклорни средби” покрај КУД “Илинден” Демир Хисар е предвидено да настапат и КУД “Кочо Рацин” од Кичево, КУД “7-ми септември” од Македонски брод, КУД “Илинден” од Битола, КУД “Бисер” од Кичево, КУД “Таше Милошевски” од Ресен и КУД “Митко Алексов” од Кочани;
- Домот на културата “Илинден” Демир Хисар ќе биде домаќин на целовечерен концерт на НУ “Танец” од Скопје на 29 април 2026 година;
- Домот на културата “Илинден” Демир Хисар ќе биде домаќин на целовечерен концерт на Фолклорниот ансамбл “Македонија” при УГД Штип;
- На платото пред Домот на културата “Илинден” Демир Хисар целовечерен концерт ќе одржат две културно уметнички друштва – меѓународни учесници на Интернационалниот фолклорен фестивал “Илинденски денови” во Битола;

Според Планот за работа на Домот на културата за 2026 година во рамки на фолклорната дејност предвидено е и да се набават нови носии, делови од носии и други елементи кои ќе ја надополнат колекцијата на народни носии со кои располага институцијата и КУД “Илинден” Демир Хисар.

## *2. Музички манифестации и концерти*

Во музичката дејност, покрај функционирањето и настапите на КУД “Илинден” се предвидени музички манифестации од сите жанрови, традиционална музика и разни музички коцерти на групи и поединци. Предвидени се настапи на џез музичари и оркестри, камерни состави, соло изведувачи, хорови и сл. кои подразбираат соработка со врвни уметници и кои презентираат творештво со стилска и жанровска разновидност.

Според планот за работа, аплицираните и добиени проекти и издадените изјави и согласности за користење на просториите на Домот на културата во рамки на годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам на Р.С. Македонија ќе имаме повеќе музички настани во текот на годината.

Домот на културата активно ќе се вклучи во организацијата на традиционалната (оваа година 11-та по ред) музичка манифестација “Рок хепенинг” која успева да се издигне над локалното и да го анимира вниманието на публиката во регионот, а тоа го докажуваат многубројните присутни секоја година на овој фестивал;

Домот на културата ќе биде домаќин на детските музички фестивали “Весели ѕвончиња” од Прилеп и “Тра Ла Ла” од Битола;

Концерт со музика за театар ќе одржи македонскиот музичар и композитор Сашко Костов од Велес;

Од областа на џез музиката, потпишан е Меморандум за соработка со Џез фестивалот “Џез фабрика” од Битола, со кој е договорено една фестивалска вечер во рамки на овогодинешното издание на фестивалот да се одржи во Домот на културата “Илинден” Демир Хисар со учество на џез квартетот “Јума” од Полска и џез квартетот на Христијан Ристески од Македонија.

## Б) Литературно – издавачка дејност

Во рамките на Домот на културата “Илинден” работи и функционира литературниот клуб “Изгрев” кој организира разни промоции на книги и презентации од областа на литературно – издавачката дејност.

Најпозната поетска манифестација која ја организира литературниот клуб е “Манастирско поетско ехо” на која учествуваат поети од целата држава и странство. Оваа година манифестацијата ќе го има своето 13-то издание.

Од останатите активности на Домот на културата “Илинден” од оваа област, предвидени за 2026 години се:

- Организација на 9-то издание на поетската манифестација “Славко Крстевски”;
- Учество на локалните поетски манифестации: “Книгата, виното и љубовта” во Демир Хисар, “Добромирски средби” во с. Слепче, “Завештание” во с.Бабино и други;
- Учество на националните поетски манифестации “Охридски поетски бисер” во Охрид, “Поетско маркукуле” во Прилеп, “Вознес” во Битола, “Ѕвездено поетско ехо” во Кичево, “Поречка поетска манифестација” во Македонски брод, “Поетски поздрав од Четрсе” во Штип и други;
- Организација на детски поетски фестивал по повод 2 април – Светскиот ден на литературата за деца и млади;
- Организација на литературни читања по повод различни национални и меѓународни празници;
- Распишување на конкурси од областа на литературата – “Конкурс за поезија по повод Меѓународниот ден на жената – 8-ми март” во февруари 2026 година, “Конкурс за поезија по повод Светскиот ден на книгата и авторското право” во април 2026 година, “Конкурс за краток расказ по повод Месецот

на книгата" во октомври 2026 година, за кои ќе бидат организирани и посебни манифестации за доделување на награди и признанија и читање на наградените творби;

- Издавање на книги на локални и други автори;
- Организација на промоции на книги на локални, национални и странски реномирани автори;
- Организација на промоции на книги на млади автори;
- Организација на Саем за книга во соработка со домашните издавачки куќи.

## В) Библиотечна дејност

Во рамките на Домот на културата "Илинден" функционира и библиотеката "Петре М. Андреевски" која располага со книжен фонд од над 40 000 книги, или со над 20 000 наслови кои се од сите жанрови и солидно ги задоволуваат потребите на читателите од општината Демир Хисар.

Во рамките на оваа дејност, според Планот за работа на Домот на културата за 2026 година предвидено е:

- Зголемување на библиотечниот фонд со нови современи наслови литература. За оваа цел, аплициравме со посебен проект и добивме средства на годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам на Р.С. Македонија;
- За време на "Месецот на книгата 15 октомври – 15 ноември" се предвидени посети на библиотеката од страна на најмладите читатели, од градинката и основните училишта во општината;
- На почетокот на новата учебна година ќе бидат поделени Ваучери за бесплатно членство во билиотеката на сите првоодделенци од Општина Демир Хисар;

- На крајот од годината ќе се доделат награди за најредовните читатели во градската библиотека;
- Ќе биде организиран општинскиот натпревар “Млади библиотекари” и со победникот на овој натпревар Домот на културата ќе земе учество на републичкиот натпревар “Млади библиотекари” кој во 2026 година ќе се одржи во Библиотеката при Домот на културата “Драги Тозија” во Ресен.

## Г) Сценско уметничка дејност

Во рамките на Домот на културата “Илинден” работи драмското студио кое беше возобновено во 2023 година и кое во претходните две години ги подготви и прикажа театарските претстави “Одам на лов” од Жорж Фејдо во режија на Благој Николов и “Жена ми се вика Борис” од Рафи Шарт исто така во режија на Благој Николов. Во минатото драмското студио работи активно, составено од актери – аматери и од него се произлезени голем број на театарски претстави со кои локалните актери имаат настапувано пред домашната публика но и на повеќе театарски фестивали низ државата. Исто така во Домот на културата повремено со свои претстави настапуваат театарските ансабли од другите градови од државата.

Според Планот за работа на Домот на културата “Илинден” за 2026 година предвидено е:

- Вклучување во работата на Драмското студио на повозрасните локални актери но и на младите, пред се, учениците кои учат во локалните основни и средното училиште;
- Подготовка и изведба на театарската претстава “Бегај еве ја жена ти” од Реј Куни во режија на битолскиот режисер Благој Николов. Покрај премиерните изведби во Демир Хисар, со оваа театарска претстава е предвидено да се настапи во Крушево, Кичево, Ресен, Кривогаштани и на некој од домашните фестивали за аматерски театар;

- Гостување на Театар Хит од Скопје со детската претстава “Тетка Марулка”;
- Гостување на Театар Колозов од Скопје со детската претстава “Љубопитната принцеза”;
- Настапи на театарски групи од другите градови од државата. Според претходно направени контакти и договори и издадени изјави и согласности за користење на простор во Домот на културата во рамките на годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам на Р.С. Македонија за 2026 година во Демир Хисар ќе гостуваат Театарска група при Едукативен центар “Едусфера” од Битола, “Весел театар” од Прилеп, Драмско студио “Престиж” при Дом на култура “Драги Тозија” од Ресен, Театар Крушево, некој од пореномираните театри од државата но и други помали актерски екипи од државата;
- Организација на Стенд – ап комедии. Во зависност од условите ќе организираме една до две стенд – ап комедии во текот на 2026 година со учество на некои од најпознатите стенд – ап изведувачи во Македонија;
- Заедно со Општина Демир Хисар, непосредно пред Нова година, ќе организираме изведба на детска новогодишна претстава за најмладата публика.

## Д) Изложбено - галериска дејност

Изложбено - галериската дејност ќе биде застапена во Домот на културата со организирање на повеќе изложби на различна тематика (ликовна уметност, скулптура, фотографија, историски и други научни изложби и сл.). со учество на професионални ликовни уметници и фотографи, но и на аматери, вљубеници во овие видови на уметност, институции, здруженија и поединци кои се занимаваат со оваа дејност.

Предвидена е унапредена соработка со средното и основните училишта во општината преку која учениците – млади уметници ќе можат своите дела да ги претстават пред локалната јавност.

Исто така, предвидено е и распишување на конкурси на дадени теми од областа на ликовната уметност и фотографијата.

Според планот за работа, аплицираните и добиени проекти и издадените изјави и согласности за користење на просториите на Домот на културата во рамки на годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам на Р.С. Македонија во текот на годината ќе имаме соработка со повеќе институции, здруженија и поединци со кои ќе реализираме различни типови на изложби.

## Ѓ) Филмска (киноприкажувачка) дејност

Домот на културата во 2026 година ќе направи сериозен исчекор во развојот на киноприкажувачката дејност во општината. Според планот за работа за 2026 година, планирано е да се набави нов кино проектор со кој ќе се овозможи редовно проектирање на најновите филмски достигнувања како од домашната така и од странската кинематографија.

За реализација и успешно функционирање на оваа дејност, предвидена е соработка со Кинотека на Македонија, Филмските дистрибутивни мрежи во Македонија, Филмските фестивали во Македонија, Амбасадите во Македонија, Локалната самоуправа и училиштата во општината.

Според издадените изјави и согласности за користење на простор во Домот на културата и во рамките на годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам на Р.С. Македонија за 2026 година покрај тековните кино проекции кои планираме да ги организираме во големата сала во Домот на културата, ќе бидат организирани и кино проекции на отворено и работилници за овој тип на уметност.

## Е) Музејска дејност

Иако Домот на културата “Илинден” Демир Хисар официјално нема регистрирано музејска дејност во своето работење, минатата 2025 година го направи првиот голем исчекор во остварувањето на идејата Демир Хисар да добие свој музеј. Имено, во 2023 година започна реконструкцијата на просторот во кој во минатото функционираше Радио Демир Хисар и негово трансформирање во Спомен соба на Радиото. Минатата година преку проект со кој Домот на културата “Илинден” Демир Хисар аплицираше на Годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам на РСМ за проекти од национален интерес во културата за 2025 година и доби средства за негова реализација, го заврши доуредувањето на просторот на Спомен собата на Радиото и официјално на 19 септември со пригодна манифестација ја отвори за посетителите и пошироката јавност.

Во текот на оваа календарска година планирано е музејската поставка да биде надополнета со предмети, материјали, документи и други експонати поврзани со функционирањето на Радио Демир Хисар но и другите радио станици во Македонија. Во следниот период е планирано да се дигитализираат емисии, видео и фото материјали, документи, пишани материјали и слично кои ќе сведочат за периодот кога Радио Демир Хисар функционираше и беше присутно во секојдневниот живот на локалното население.

Исто така, во 2026 година се планирани посети на Спомен собата, најпрво од учениците од општинските училишта, а целта е Спомен собата да влезе во листата на места за реализација на ученичките екскурзии според Правилникот на Министерството за образование и наука за исведување на ученички екскурзии и вонснаставни активности.

Чинот на отворање и функционирање на оваа музејска поставка во Домот на културата “Илинден” во Демир Хисар е првиот чекор кој ќе го поттикне процесот на отворање и на други музејски поставки (археолошки, етнографски, историски и др.) а со тоа и остварување на крајната цел – отворање на Музеј на Општина Демир Хисар.

## III. АКТИВНОСТИ ОД ОПШ КАРАКТЕР

Под активности од општ карактер спаѓаат одржувањето и чувањето на објектот како внатрешно така и надворешно и разумно користење на расположливиот инвентар со кој располага самата институција. Актуелната состојба во која се наоѓа Домот на културата, иако е таа солидна и задоволува поголем дел од потребите, предвидува потреба од дополнителни зафати и инвестиции кои ќе придонесат за непречено функционирање на институцијата.

Според тоа предвидено е:

- Санирање на дел од покривната лимена конструкција на Домот на културата;
- Санација на дел од олуците на Домот на културата;
- Набавка на грејни тела за во големата сала на Домот на културата;
- Набавка на нови рафтови за книги;
- Набавка на нов проектор за кино проекции;
- Репарација на постоечкото и набавка на ново и современо сценско светло.

Домот на културата “Илинден” Демир Хисар е установа од културата под јурисдикција на Општина Демир Хисар и дел од програмата ќе се реализира преку средствата од буџетот на општината, Министерството за култура и туризам на РСМ, но голем дел од своите програмски активности и инвестиции установата ќе ги реализира преку сопствени средства, приватни спонзорства, донации, со надворешни соработници, како и со средства од разни европски фондови.

ОУ Дом на културата “Илинден” Демир Хисар

В.Д. Директор

________________

м-р Славче Вељановски